2025 • **2 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНА АЗИСКОПАКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



# Чудни звуци во текот на ноќта

# СОДРЖИНА

**На насловната страница:** Оливија вели дека обуката на децата да бидат мисионери започнува дома. Таа почнала да го учи својот син да го меморира Светото писмо кога имал 18 месеци. Страница 32.

## Тајланд


**4** Од таков што носи несреќа, до оној што го сакаат / 5 април T

**6** Единствениот жив Бог /12 април

**8** На мисионско патување или на одмор / 19 април T

**10** Да се ослободат затворениците / 26 април T

**12** Долгиот пат до Бога, I дел / 3 мај T

**14** Долгиот пат до Бога, II дел /10 мај T

**16** Дали Бог одговара на молитвите? / 17 мај T


























## Филипини


**18** Чудни звуци во текот на ноќта / 24 мај T


## Индонезија


**20** Толку многу правила / 31 мај T

**22** Лигњи или месо од куче / 7 јуни

**24** Молитва за град без црква / 14 јуни

**26** Чудо во џунглата, дел I / 21 јуни T

**28** Програма на 13-тата сабота: Чудо во џунглата, дел II / 28 јуни T

**31** Идни проекти на 13-тата саботи

**32** Уредник на списанието / Мапи


Seventh-day Adventist Church

T = Искуства кои можат да бидат од особен интерес за тинејџерите


©2025 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved


12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драги водачи на саботната школа,



Ендрју Мекчесни
*Уредник*

Ова тримесечје ќе се посветиме на Јужната азископацифичка дивизија (ЈАПД), која вклучува 11 земји. Брунеи, Камбоџа, Индонезија, Лаос, Малезија, Мјанмар, Филипини, Сингапур, Тајланд, Источен Тимор и Виетнам. Во оваа дивизија живеат 682 милиони луѓе, вклучувајќи 1,7 милиони членови на Адвентистичката христијанска црква. Тоа претставува соодност од 1 адвентист на секои 404 луѓе. Како дел од мисионските напори, оваа дивизија избра 4 проекти за кои браќата и сестрите ќе добијат од средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје.

### Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со мисионските факти и активности од Јужната азископацифичка дивизија на bit.ly/ssd-2025. Следете нè на facebook.com/mission quarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Мисија“ на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата. Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисијата на црквата преку своите дарови. Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

## Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе се употребат за 4 проекти на Јужната азископацифичка дивизија:

- **Изградба на детска градинка на кампусот на Адвентистичкиот универзитет во Мјаунгмјав, Мјанмар.**
- **Изградба на центар на влијание „Надеж во животот“ во Јангон, Мјанмар.**
- **Изградба на здравствена клиника, Брунеи**
- **Изградба на адвентистичката теолошка средна школа „Набире“ во Индонезија.**



Чајна позира за фотографија на Азископацифичкиот меѓународен универзитет во Тајланд. Прочитајте како престанал да го мрази името на Исус на страница 4.





Чајна

# ОД ТАКОВ ШТО НОСИ НЕСРЕЌА ДО ОНОЈ ШТО ГО САКААТ

Чајна пораснал мразејќи го името на Исуса Христос. Тој припаѓал на голема светска религија во Камбоџа, а неговото семејство и тој го мразеле христијанството.

Но, тогаш семејството почнало да го мрази и него. Сè започнало кога неговиот дедо ненадејно починал. Тој го сакал својот дедо и поминувал многу време со него. Но, во нивната религија, ако поминувате многу време со некого, и се случи нешто лошо, вас ве сметаат за одговорен. Семејството се прашувало дали момчето донесува лоша среќа.

Потоа, вујкото на Чајна ненадејно починал. Момчето многу време поминувало и со својот вујко. Сега неговото семејство навистина почнало да се прашува дали тој носи лоша среќа.

Во тоа време неговите родители банкротирале. Тие продале сè што имале, но, во големи долгови, се преселиле преку границата на Тајланд, за да работат во фабрика за телевизори. Нему му кажале да остане дома.

„Твојот живот не донесе мир, само проблеми и смрт", рекол еден од членовите на семејството. „Ќе беше подобро никогаш да не си се родил", рекол друг.

Чајна имал 18 години. Се чувствувал осамено. Тогаш еден пријател го повикал на часови по гитара во адвентистичка црква. Се чувствувал растргнато. Тој знаел дека адвентистите го сакаат Исуса; а тој го мразел Исуса. Но, Чајна ја сакал гитарата и навистина сакал да научи да свири.

Отишол во адвентистичката црква. Од тој ден, никогаш не пропуштил ниту еден час по гитара во црквата. Пасторот и неговата сопруга веднаш му се допаднале. Тие му зборувале за Исуса кој многу се разликувал од оној Исус за кој слушал од своите родители. Пасторот говорел дека Исус не ги сакал само луѓето што го сакале, туку ги сакал и оние луѓе што Го мразеле. Неговата љубов била толку голема што Неговата смрт им овозможила на луѓето, дури и на оние што Го мразеле, да живеат вечно.

Чајна почнал да оди во црква секоја сабота. Љубовта кон Исуса растела во неговото срце, и тој набрзо се крстил. Тој се молел повторно да биде со своите родители. Сакал да го прифатат без грижа или страв дека ќе им донесе несреќа. „Сакам да ми се врати семејството", се молел тој секој ден.

„Ветувам дека ќе Ти служам на Тебе до крајот на мојот живот, а не на некој друг бог“.

Но, се чинеше дека Исус не ги чул молитвите. Чајна немал целосно разбирање за улогата на верата во христијанскиот живот. Традиционалната религија на неговото семејство ставала голем акцент на делата. Затоа, додека се молел, решил преку своите дела да докаже дека е достоен да му биде одговорено. Тој доброволно се пријавил да помине една година во мисија, црковна програма во која поминал една година во мисионска служба. Тој му помогнал на еден француски мисионер да дели Библии во Камбоџа. Се надевал дека неговите црковни активности ќе го убедат Исуса да одговори на неговите молитви. Но, изгледало дека Исус не одговара на неговите молитви. Чајна понекогаш се чувствувал вознемирен и се молел: „Правам толку многу за тебе. Зошто не правиш ништо за мене?“

По пет години, неговите родители се вратиле во Камбоџа. Немале избор. Тајландските власти не им ги продолжиле работните визи. Без никаков имот или дом, тие го прифатиле повикот на Чајна да бидат со него во неговиот изнајмен дом. Веќе не било важно што тие некогаш сметале дека носи лоша среќа. Немале каде на друго место да одат.

Во сабота ги поканил своите родители во црква. „Вие немате

AMsda.org/A2521

## Во врска со искуството

- Покажете ги Камбоџа и Тајланд на карта на светот. Потоа, посочете го тајландскиот град Муак Лек каде се наоѓа Азископацифичкиот меѓународен универзитет.
- Гледајте го краткото видео за Chhaina на YouTube: bit.ly/Chhaina-SSD.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Адвентистичките учења дошле на Тајланд во 1906 и 1907 година.
- Првите мисионски активности на Тајланд биле спроведени главно меѓу кинеското население.

пари, но таму ќе добиеме храна за сите нас“, рекол тој.

Членовите на црквата срдечно ги пречекале неговите родители и тие уживале во друштвото и оброкот. Следната сабота, тие повторно дошле на ручек и заедништво и нивните срца почнале да омекнуваат. Исус, за кого слушале во црква, бил многу поинаков од оној Исус што го мразеле толку многу години. Поминала една година, и неговите родители се крстиле.

Тоа било најголемото чудо што Чајна можел да го замисли. Исус не само што одговорил на неговите молитви да ги врати своите родители во Камбоџа, туку ги освоил и нивните срца. Исус направил многу повеќе од она што тој барал во своите молитви. Со восхит сфатил дека Исус не одговорил на неговите молитви поради она што го правел, туку затоа што Исус е таков каков што е, полн со љубов.

Денес Чајна повеќе не се чувствува како таков кој носи несреќа. Тој се чувствува сакан. Тој не го заборавил своето ветување дека ќе му служи на Исуса до крајот на својот живот. Денес, тој студира теологија на Азископацифичкиот меѓународен универзитет на Тајланд, и се подготвува за живот во мисионската служба.

Чајна е меѓу илјадниците студенти кои студирале на Азископацифичкиот меѓународен универзитет благодарение на даровите на 13-тата сабота. Дел од тие дарови од 1988 година помогнаа да се изгради образовна инфраструктура на кампусот на она што тогаш се нарекуваше колеџ на Тајландската мисија.

Даровите на 13-тата сабота продолжува да им носи благослови на многу млади луѓе и 36 години подоцна. Ви благодариме што сте биле подготвени да ја поддржите мисијата на адвентистичката црква со вашите средства.

Од Ендрју Мекчесни



ТАЈЛАНД | 12 април

Сурачет

# ЕДИНСТВЕНИОТ ЖИВ БОГ

**Забелешка на уредникот:** Денешната мисионска приказна зборува за еден човек од Тајланд чиј живот бил допрен од даровите на 13-тата сабота, во два наврата, кои биле собирани во период од 27 години.

Сурачет пристигнал во средното адвентистичко училиште на Тајланд со ветување. Си рекол на самиот себе: „Ќе останам во студентскиот дом, но никогаш нема да ја променам својата вера“.

Сурачет е израснат во нехристијанска светска религија. Поголемиот дел од населението на Тајланд припаѓа на оваа религија. Тој го избрал ова училиште бидејќи имало студентски дом за ученици кои биле далеку од своите домови. Неговиот дом бил оддалечен повеќе од 1.000 километри, во северен Тајланд.

Во адвентистичкото училиште, Сурачет бил фасциниран од часовите по светска цивилизација. На часовите за проучување на Библијата, тој се зачудил кога го слушнал пророштвото за подемот и падот на големите светски цивилизации, опишано во книгата на пророкот Даниел. Тој се запрашал: „Како да ги разберам информациите за светските цивилизации што ги слушнав на часовите по овие два предмета?“

Отприлика во тоа време тој забележал наслови во весниците за Шестдневната војна од 1967 година, која штотуку завршила со победа на Израел над соседните арапски земји. Тој се прашувал како Израел, мала земја основана во 1948 год., може да ги победи своите поголеми и многу постари соседи. Тој се прашувал за потеклото на еврејскиот народ.

„Дали е ова истиот Израел како во Библијата, оној за кој учиме на часовите за Библијата?“

Тој барал повеќе информации и нашол книга за еврејскиот народ, напишана од некој тајландски филозоф. Авторот, кој како Сурачет не бил христијанин, ја запишал историјата на Израел која опфаќала неколку илјади години.

Сурачет размислувал за религијата на своето семејство и се прашувал: „Дали израелскиот Бог е вистинскиот Бог?

AMsda.org/A2522

## Во врска со искуството

- Покажете го Тајланд на карта на светот.
- Гледајте го краткиот видео-клип со Сурачет на YouTube: bit.ly/Surachet.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Постојана мисија била основана на Тајланд во 1919 година, со Е.Л. Лонгваи и Форест А. Прат, кои се населиле со своите семејства во Бангкок. До 1921 година, петмина преобратеници биле крстени. А до 1926 година, бројот на членовите на црквата достигнал 88.
- Во 1924 година, двајца млади Тајланѓани започнале мисионерски активности во внатрешноста на Тајланд. Во 1925 година биле изградени две мисионски школи, во Бангкок и во Бан Понг.

Читајќи ја Библијата, дознал дека израелскиот Бог му заповедал на својот народ пред повеќе илјади години да не обожаваат камени или дрвени статуи и слики, ниту да им се поклонуваат. Религијата на Сурачет се засновала на обожавање и поклонување на слики и статуи направени од камен и дрво.

Тој дознал дека Библијата учи дека израелскиот Бог е единствениот жив Бог кој не бил создаден од човечка рака. Пророкот Еремија вели: „А Господ е вистински Бог. Тој е жив Бог и вечен Цар“ (Еремија 10,10а).

Тој се пријавил на курс за основните библиски вистини, објавени во Гласот на пророштвото. Во тоа време, печатницата „Гласот на пророштвото“ имала забележливо присуство на Тајланд откако добиле зграда во главниот град на Тајланд, Бангкок, со помош на даровите на 13-тата сабота неколку години претходно. Сурачет ги завршил основните библиски вистини за само една седмица и решил да му го предаде своето срце на вистинскиот, жив Бог.

Неговиот татко бил бесен кога Сурачет побарал дозвола да се крсти. „Ако сакаш да бидеш христијанин, оди кај христијаните“, му рекол тој. „Не мора да се враќаш дома.“

Младичот рекол дека ќе се врати ако неговиот живот не се подобри под влијание на живиот Бог.

И не зажалил. Тој го продолжил своето образование, стекнувајќи диплома магистер по теологија и докторирал мисиологија. Тој служел како пастор, директор за комуникации на Адвентистичката црква на Тајланд и како регионален директор за Адвентистичкото светско радио. Негова желба е да ги поучува другите за живиот Бог.

Денес тој предава на Азископацифичкиот меѓународен универзитет на Тајланд, чиј кампус е изграден со помош на даровите на 13-тата сабота во 1988 година.

Тој им кажува на своите ученици дека христијанството влегло на Тајланд пред повеќе од 200 години, а учењата на Адвентистичката црква дошле кога еден евангелист-колпортер почнал да продава книги во 1906 година. Меѓутоа, и покрај повеќе од 100-годишното присуство, членството на црквата брои нешто повеќе од 16.000 луѓе, или само 0,02% од 71 милионското население на Тајланд.

„Ова е една од најтешките земји во светот“, смета Сурачет. „На некои места сатаната ја врши својата работа преку отпор и противење. Христијанството е добредојдено овде, но културните верувања под влијание на Божјиот непријател се силни. Ние не се бориме против крв и месо. Се бориме со зли духови. Ние се бориме против самиот сатана. Ни требаат повеќе работници на Тајланд“.

Ви благодариме за вашите верни дарови на 13-тата сабота кои имаа големо влијание врз животот на луѓето како Сурачет Инсом. Азископацифичкиот меѓународен универзитет, каде што предава Сурачет, обезбедува христијанско образование за илјадници студен-

ти. Даровите на 13-тата сабота од 1988 година помогнаа да се изгради овој универзитет. Секоја година на универзитетот се крштаваат студенти од нехристијански домови. Зградата „Гласот на пророштвото“, која била отворена во Бангкок со помош на даровите на 13-тата сабота во 1961 година, е урната. Но, нејзиното место го заземале други црковни објекти. Нејзиното влијание продолжува да одекнува преку животите на Сурачет и другите.

Ви благодариме што планирате, со Божја помош, великодушни дарови за 13-тата сабота на 28 јуни, кои исто така ќе имаат големо влијание.

Од Ендрју Мекчесни



ТАЈЛАНД | 19 април

Ренато

# НА МИСИОНСКО ПАТУВАЊЕ ИЛИ НА ОДМОР

Ренато се протегал во ходникот на неговата станбена зграда додека се подготвувал за трчање рано наутро во Бангкок, Тајланд. 36-годишниот волонтер на адвентистичката црква пристигнал еден ден порано за да служи како мисионски учител во адвентистичкото училиште.

Една постара жена му пристапила и отворено го прашала:

„Кој сте вие?“

„Нов учител“, рекол Ренато.

„Од каде сте?“

„Од Бразил“.

„Далеку сте од дома. Дали ќе предавате во училиште?“

„Да.“

„Тогаш од овој ден ќе бидете мој син. И јас ќе се грижам за вас“.

Следниот ден била сабота, а жената го запознала Ренато со својот сопруг во црквата. „Значи, вие сте мојот нов син“, рекол човекот. „Не грижете се за вашето сместување или за храна. Само посветете се себеси на работата, а ние ќе се грижиме за вас“.

Постарата двојка во следните две седмици секој ден го поканувала Ренато во нивниот стан. „Дојди овде и напиј се чај со нас“, го повикала жената.

„Да слушнеме што планирате за наредните денови“, рекол човекот. „Дали ви треба нешто?“

Петнаесеттиот ден, човекот му поставил прашање на Ренато, велејќи: „Дали дојдовте на Тајланд да бидете мисионер или на одмор?“ Ренато не знаел што да каже. Тој не одговорил.

AMsda.org/A2523

## Во врска со искуството

- Покажете ги Бразил и Тајланд на карта на светот, а потоа покажете го Бангкок каде што Ренато работи како мисионер.
- Гледајте го краткото видео на YouTube со Ренато: bit.ly/Renato-mission.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вај. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Мисионски факти

- **Тајланд бил познат како Сиам до 1939 година кога владата официјално го променила името на земјата во Тајланд.**
- **Тајланд е парламентарна уставна монархија. Тајландската валута е тајландски бах. Официјален јазик на Тајланд е тајландскиот.**
- **Бангкок не е само главен град на Тајланд, туку и негово главно пристаниште и најголем град. Бангкок се наоѓа на делтата на реката Чао Фраја.**
- **Бангкок е наречен Венеција на Истокот поради неговите 83 канали и 10.000 чамци полни со овошје, зеленчук и риба кои создаваат огромен пловечки пазар.**

Човекот повторно го поставил прашањето. „Треба да размислите за тоа“, рекол тој. „Дали дојдовте овде за да бидете мисионер или турист?“

Ренато разбрал што сакал да знае постариот. Тајланд е прекрасно место. Не само што има прекрасни плажи на југ, туку е позната и како „земјата на насмевките“. Посетителите се третирани многу добро. Мисионерите би можеле да бидат одвлечени од многубројните можности за забава. Ренато не можел да му одговори на човекот.

Шеснаесеттиот ден, во сабота, отишол во црква и се поздравил со постариот брачен пар, кои сега ги сметал за свои посвоени родители. Сакал да поразговара, но немал време. Прво морал да учествува во црковното богослужение. Потоа го водел богослужението за млади со заеднички ручек по богослужбата. Потоа планирал да си оди дома за да се одмори. Бил исцрпен.

Додека дремел, Ренато добил телефонски повик. Тоа беше ќерка на неговите посвоени родители. „Молете се за тато“, рекла таа. „Тој не се чувствува добро“.

Ренато го напуштил станот во пижами. Видел две амбулантни возила како доаѓаат и си одат. Потоа ја слушнал веста дека неговиот татко-посвоител починал. Сето тоа било толку ненадејно. Тој се прашу-

вал: „Што ќе се случи следно? Што ќе се случи со мама?“

Ренато искрено разговарал со Бога за време на погребот. „Дај ми сила да одговорам на прашањето што ми го постави мојот татко-посвоител. Дали дојдов овде да бидам мисионер или турист на одмор?“

По погребот, Ренато ѝ дал ветување на својата мајка-посвоител. „Дојдов овде за да бидам мисионер, а не на одмор“, рекол тој знаејќи дека таа одлука е донесена поради траумата. Но траумата била таа што му дала сила да ја донесе таа одлука. Посакал да ја донел многу порано.

Откако решил да биде мисионер, се чинело како сè да си дошло на свое место. Тој претходно се прашувал дали да започне со мисионерска работа во неговите подоцнежни години. Тој имал 36 години, а многу од мисионерите волонтери биле во своите дваесетти. Тој си поставувал прашања: „Зошто дури сега почнав?“ Тој исто така бил збунет кога луѓето го прашале: „Колку долго ќе служиш како волонтер?“ Тој не можел да одговори.

Кога пристигнал на Тајланд, не бил сигурен дали е мисионер или дошол на одмор. Но сега веќе не. Сега ќе биде мисионер на Тајланд или каде и да го испрати Бог.

„Дури и да го напуштам Тајланд, му се молам на Бога да ме држи поврзан со адвентистичката волонтерска служба или која било друга служба која ќе ми овозможи да служам како мисионер, а не како турист на одмор“.

Молете се за мисионерите како што е Ренато во Меѓународната школа Екамаци во Бангкок, на Тајланд, бидејќи тие сведочат дека Исус доаѓа наскоро. Ви благодариме за вашиот дар на 13-тата сабота ова тримесечје, кој ќе помогне во ширењето на евангелието во Јужната азископацифичка дивизија, во која се наоѓа Тајланд.

Од Ендрју Мекчесни



ТАЈЛАНД | 26 април

Ренато

# ДА СЕ ОСЛОБОДАТ ЗАТВОРЕНИЦИТЕ

Во петок навечер Ренато ја читал проповедта што планирал да ја проповеда следниот ден за неговиот 37-ми роденден.

Роден во Бразил, работел како мисионер и учител на Тајланд. Тој се јавил и го прашал пасторот дали може да проповеда на неговиот роденден.

„Далеку сум од дома", рекол тој. „Немам што да правам. Те молам, дозволи ми да проповедам. Тоа е единствениот начин на кој можам да го прославам мојот роденден".

Но, додека Ренато ги гледал белешките од својата проповед, добил телефонски повик од канцеларијата на Јужноамериканската дивизија во Бразил.

Се чинело дека Бог има нешто друго во план за роденденот на Ренато.

„Можете ли да одите на аеродромот во Бангкок?" прашал повикувачот. Тоа бил еден од водачите на Јужноамериканската дивизија. „Еден поранешен член на адвентистичката црква бил уапсен на Тајланд за трговија со дрога."

Срцето на Ренато било трогнато од загриженоста на човекот што се јавил. Бразил бил далеку од Тајланд, но бразилскиот црковен водач бил загрижен за поранешениот член на црквата кој бил уапсен на Тајланд.

„Потребен ни е мисионер да го посети овој човек и да се моли со него", рече човекот од другата страна на линијата. „Можеби можете да му дадете Библија. Му треба некој да го прегрне".

Ренато ги спуштил белешките од проповедта и отишол на аеродром. Не го знаел доволно добро тајландскиот јазик и не бил сигурен како ќе комуницира со полицијата. Тој, исто така, чувствувал вознемиреност, па дури малку и страв да оди во полициска станица за да разговара со некој што не го познавал.

На аеродромот полицијата му рекла дека пристигнал предоцна. Младиот човек веќе бил префрлен на друга локација.

Не можел да направи ништо на аеродромот.

Поминале неколку седмици, а Ренато добил втор телефонски повик. Овој пат се јавила адвокатката на младиот човек од Бразил. Таа рекла дека нејзиниот клиент е во затвор недалеку од Бангкок, и прашала дали Ренато би можел да оди да го посети.

Ренато отишол.

Тоа била прва посета на затворот, која подоцна прераснала во редовни посети на затворот.

Понекогаш на младиот човек му требало храна. Свинското и морските плодови, кои се популарни јадења на Тајланд, често се служеле во затворот, но младиот човек не јадел нечиста храна. Мајката на младиот човек му се јавила на Ренато и заедно барале храна што Ренато би можел да ја однесе во затворот.

Младиот човек му признал на Ренато дека направил голема грешка и изразил желба да ги исправи работите со Божја помош. Тие двајца разговарале за Бога и Неговата љубов.

По некое време, адвокатката на младиот човек го замолил Ренато да посети друг бразилски затвореник кој исто така бил нејзин клиент во затвор на Тајланд. На овој начин, Ренато, кој дошол на Тајланд за да им предава на деца од четврто одделение во адвентистичкото училиште, станал ми-

сионер кој им сведочел на двајца Бразилци затворени во тајландскиот затвор. Денеска тој ги посетува овие двајца секој месец и подготвен е да се сретне со други странски затвореници, ако Господ му даде таква можност.

„Се молам нивните срца да се променат“, вели тој. „Можеби во иднина ќе го видиме плодот на овие молитви.“

Тој побара од членовите на црквата ширум светот да му се придружат во молитвата.

„Молете се за овие двајца младичи и за секој странец во затворот на Тајланд. Би било прекрасно кога би имале можност да се сретнат со Бога“.

Молете се за затворениците на Тајланд и насекаде во светот - вклучително и секој човек кој е окован од товарот и вината на гревот. Молете се за мисионерите адвентисти како Ренато додека ја објавуваат радосната вест дека Исус умрел на крстот за да можат затворениците да бидат ослободени од гревот.

Ви благодариме за вашиот дар на 13-тата сабота од ова тримесечје што ќе помогнат во ширењето на евангелието во Југоисточната азископацифичка дивизија, која го вклучува и Тајланд.

Од Ендрју Мекчесни

AMsda.org/A2524

## Во врска со искуството

- Покажете ги Бразил и Тајланд на карта на светот. Потоа, покажете го градот Бангкок каде што Ренато работи како мисионер.
- Погледнете го краткиот видео-клип со Ренато на YouTube: bit.ly/Renato-prison.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Бангкок е наведен во Гинисовата книга на рекорди како место со најдолго име. Неговото полно име е: Крунгтепмаханахон Амонратанакосин Махинтхараиуттаја Махадилокпхоп Нопфаратрачатханибурирoм Удомрачаниветмахасатан Амонфиманаватансатит Сакататиавитсанукампрасит. Тоа значи: „Градот на ангелите, големиот град на бесмртните, величествениот град на деветте бесценети камења, седиште на кралот, градот на кралските палати, домот на инкарнираните богови, изграден од Вишвакарман по налог на Индра“.
- Тајланд има 1.430 острови; најголемиот, Пукет, се наоѓа на југозапад на Андаманското Море. Највисоката планина е Дои Интанон и таа е висока 2.565 метри.





Пада

# ДОЛГИОТ ПАТ ДО БОГА, ПРВ ДЕЛ

Дванаесетгодишниот Пада не можел да разбере зошто неговиот постар брат ја напуштил семејната вера за да се приклучи на адвентистичката црква на Тајланд.

„Зошто стана адвентист?“ го прашал својот брат Морца.

„Дојди да живееш со мене и ќе видиш“, одговори Морца.

Пада се пресели кај Морца. Момчето беше најмладото во нивното семејство и навистина сакал да знае зошто неговиот постар брат станал адвентист.

Морца бил најстарото дете, и глава на семејството по смртта на татко му, кога Пада имал три месеци.

На мајката со шест деца, која сама ги одгледала по смртта на нејзиниот сопруг, ѝ беше мило што Морца може да помогне околу грижата за Пада.

Пада брзо сфатил дека животот е поинаков во куќата на Морца. Бил 11 години постар од него. Тој веќе бил женет и имал три мали момчиња.

Во домот на Морца не се јадело свинско месо, змии и глувци, како што правеле другите луѓе кои живеат во планините, на границата меѓу Тајланд и Мјанмар. Луѓето овде биле многу сиромашни и јаделе што ќе најдат. Морца и неговото семејство не биле богати, но јаделе само она што Морца го нарекувал „чиста храна“. Постариот брат објаснил дека Библијата им забранува на луѓето да јадат нечиста храна, како што се свинско месо, змии и глувци.

Во недела Пада му помогнал на својот брат на фармата. Тој го гледал водениот бивол кога Морца не го користел за орање и садење ориз. Тој го набљудувал водениот бивол во понеделник, вторник, среда, четврток и петок.

Во саботата наутро, Морца го разбудил Пада во 5 часот наутро. Надвор сè уште било темно.

„Време е да станеш и да се подготвиш за да одиме во црква“, му рекол тој.

Пада не бил среќен. Сакал да спие. Но, тој го почитувал својот брат и требало да го слуша. Се сетил дека сакал да знае зошто Морца станал адвентист. Можеби ќе дознае во црква.

Пада станал и му се придружил на својот брат и на остатокот од семејството на едноставен појадок со ориз и зеленчук. Сопругата на Морца го подготвила јадењето претходниот ден, во петок.

Откако јаделе, Пада ги при-

дружувал Морџа, неговата сопруга и нивните три деца на долгото одење пеш до црквата.

Во нивното мало место немало адвентистичка црква и морале да пешачат 13 километри до најблиската црква во друго место.

Морџа го носел едниот мал син во платно завиткано околу грбот, а неговата сопруга го носела другиот син. Пада чекорел покрај нивното најстаро момче, кое имало 6 години.

Шестчленото семејство пешачело три часа. Се качувале по планински патеки. Поминувале покрај оризови полиња, покрај река. Конечно пристигнале во адвентистичката црква на време за саботната школа.

На Пада му се допаднало богослужението. Адвентистичкиот пастор имал три ќерки кои биле на негова возраст. Девојките свиреле на гитара и пееле прекрасни песни за Исуса.

По богослужението, Пада уживал во вкусниот ручек во црква. Посебно му се допаднала вкусната супа од тиква што ја подготвила сопругата на пасторот.

Бидејќи првата посета на Пада на црквата била добро искуство, тој не бил воодушевен кога неговиот брат повторно го разбудил во 5 часот наутро следната сабота. Сакал да спие и не се радувал на долгото пешачење до црквата. Но, кога стигнал во црквата, бил среќен што бил таму.

Ова се случувало секоја наредна сабота. Пада мрморел во

AMsda.org/A2525

## Во врска со искуството

- Покажете го Тајланд на карта на светот.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- На Тајланд главата се смета за свет дел од телото, па затоа не е дозволено да се допираат туѓите глави. Стапалата не смеат да бидат видливи, бидејќи се сметаат за најнизок дел од телото.
- Незаконски е да се гази тајландската валута бидејќи на неа е испечатен ликот на монархот.
- Некои популарни тајландски јадења вклучуваат Pod thai (пржени тестенини со пржено јајце); Tom Kha gai (зачинета супа од кокос со пилешко и киселец); Khao pod (пржен ориз кој не е премногу зачинет, кој е омилен кај децата); и Khao neaow mamuang (ориз варен во кокосово млеко и сервиран со свежи парчиња манго).

своето срце додека се подготвувал за црква и за долгото пешачење. Но, тој секогаш уживал во музиката и храната.

Ви благодариме што со вашите мисионски дарови го поддржавте објавувањето на радосната вест за Исусовото скорешно доаѓање, на Тајланд и низ целиот свет.

Дознајте следната седмица како Пада решил да го следи примерот на својот брат и да стане адвентист на седмиот ден.

Ви благодариме што планирате да принесете великодушни средства на 29 март.

---

Од Ендрју Мекчесни



ТАЈЛАНД | 10 мај

Пада

# ДОЛГИОТ ПАТ ДО БОГА, ВТОР ДЕЛ

**Забелешка на уредникот:** Дванаесетгодишниот Пада се прашувал зошто неговиот постар брат Морца ја напуштил семејната религија и станал адвентист на седмиот ден на Тајланд. Морца го поканил да дознае, така што Пада ќе се пресели да живее кај него.

Поминувале седмици и месеци, а Пада одел во црква со Морца и неговото семејство, пешачејќи по 13 километри секоја сабота.

Пада сè уште се прашувал зошто Морца станал адвентист. Тој немал одговор. Но забележал дека Морца е многу верен во одењето во сабота во црква. Не било важно дали врне или е студено, семејството секогаш станувало пред зори и долго пешачело до црквата. Тој забележал и дека неговиот брат бил многу верен во давањето десеток и приноси. Секоја сабота ставал пари во корпата за дарови. Морца му објаснил на својот помлад брат дека парите, всушност, му припаѓаат на Бога.

„Му го враќам на Бога она што веќе е Негово како дар на благодарност“, рекол тој.

Пада ги живеел првите 12 години од животот со мајка си во многу скромни услови и трошна куќа. Не разбирал како Морца може да си дозволи да дава пари. Но забележал дека на брат му никогаш не му недостигаат пари. Во неговиот дом секогаш имало доволно храна и други потребни работи.

Поминало една година. Поминале две години. Три години. Трите сина на Морца пораснале и отишле во адвентистичко училиште во друго место. Морца не бил богат, но некако наоѓал пари за школарината на неговите синови.

Пада никогаш не одел на училиште. Сега имал 15 години и посакал и тој да оди на училиште. Додека размислувал за својата ситуација, се запрашал: „Дали тоа може да е причината поради која Морџа станал адвентист? Тој не е богат, но никогаш ништо не му треба. Има храна и облека и може да ги прати своите синови на училиште. Тој го сака небесниот Бог, а Бог на небото се грижи за сите негови потреби“.

Љубовта кон Бог се вкоренила во срцето на Пада. Тој сакал да живее за Бога кој се грижел за сите потреби на неговиот брат. Тој сакал да живее за Бога кој ги обезбедувал сите негови потреби уште пред да Го запознае. Му го предал своето срце на Бога и се крстил. Иако Пада немал семејство кое би можело да му помага, тој се запишал во прво одделение во адвентистичко училиште кога имал 17 години. Учел напорно и работел за да си ја плати школарината.

Кога го завршил училиштето, решил да ги поучува другите за Бога кој обезбедува сечии потреби. Тој отишол на мисионскиот колеџ (сега Азископацифички меѓународен универзитет) и станал пастор.

Денес, Пада е пастор и водач на Адвентистичката црква на Тајланд. Тој има сопруга што ја запознал во адвентистичкото училиште и имаат три ќерки. Стекнал добро образование. Вози убава кола, заработува добра

AMsda.org/A2526

## Во врска со искуството

- Прикажете го Тајланд на карта на светот.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Маи Таи е национален спорт на Тајланд и се нарекува „уметност на осумте екстремитети“ поради употребата на тупаници, лактите, колената и потколениците во борба.
- Во шумите на Тајланд се среќаваат слонови, леопарди, тигри, диви волови и малајски тапири, кои се покриени со црно крзно на предната половина од телото и со бело крзно на задната страна.
- Тајланд е место каде што можете да ги најдете најмалите цицачи и најголемите риби во светот. Лилјакот бумбар тежи само 2 грама - приближно исто како и две спојувалки. Кит-ајкулата, пронајдена во океанот околу Тајланд, тежи околу 20 тони (18.144 кг) и е долга 18,8 метри.

плата и верно му враќа на Бога десеток и приноси. Неговото семејство секогаш има доволно храна и облека.

Повеќе од сè, тој сака да им кажува на другите за небесниот Бог. Често оди во планинското село од своето детство, на границата меѓу Тајланд и Мјанмар. Луѓето кои живеат таму сè уште се многу сиромашни, а малкумина веруваат во Бога. Пада секогаш полни 50 или повеќе пликови со сметки од 50 или 100 бахти за да им ги дели на селаните. Тоа не се многу пари, но тоа е вреден подарок во нивните очи. Кога им дава пликови, селаните го поздравуваат со широки насмевки и благодарност. Ги слуша како си велат едни на други: „Пада е еден од нас. Овде порасна, но стекна добро образование, убав автомобил и добра плата. Неговиот Бог се грижи за него. Можеби неговиот Бог може да се погрижи и за нас“.

Пада се моли селаните, неговиот народ, еден ден да сфати дека неговиот Бог веќе се грижи за нив и сака да ги зачува за вечност.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 1988 година бил употребен за изградба на трпезариска сала и друга зграда на азископацифичкиот меѓународен универзитет, каде што Пада бил обучуван за пастор. Како студент во тоа време, Пада помогнал во изградбата на трпезаријата. На овој начин, влијанието на даровите на таа 13-та саботна продолжува да се чувствува во животот на Пада и на многумина кои студирале на азископацифичкиот меѓународен универзитет. Со Божји благослов, средствата приложени ова тримесечје исто така ќе имаат долготрајно влијание. Ви благодариме што планирате да принесете великодушни дарови.

Од Ендрју Мекчесни




ТАЈЛАНД | 17 мај

Сомсак

# ДАЛИ БОГ ОДГОВАРА НА МОЛИТВИТЕ?

Сомсак првпат слушнал за молитвата што му се упатува на небесниот Бог кога бил мало момче во адвентистичка градинка во Корат, Тајланд. Како и повеќето луѓе на Тајланд, тој потекнувал од нехристијанско семејство и не знаел ништо за небесниот Бог.

Секое утро, знамето на Тајланд би било издигнувано високо на јарболот од знамето во дворот на адвентистичкото меѓународно учи-

лиште Корат, во кое била сместена и градинката. Сите деца од градинката и од повисоките одделенија би застанале покрај знамето за интонирање на тајландската државна химна. Потоа, наставниците ги воделе децата во пеењето на „молитвената песна“ — прекрасна песна во која се бара од небесниот Бог да го благослови нивниот ден.

Кога Сомсак малку пораснал, научил сам да се моли. Неговата наставничка од второ одделение му покажала како да го прави тоа. Секој ден на почетокот на часот, наставничката ја започнувала молитвата и ги поканувала Сомсак и другите деца да ѝ се придружат. Наставничката би рекла; „Драги Боже“. Тогаш едно дете би продолжило: „Те молам, направи ме мудар“. Друго би рекло: „Те молам заштити ме“. А трето би додало: „Те молам, помогни ми да бидам добар.“ Наставничката би ја завршила молитвата велејќи: „Во името на Исус, амин“.

Откако научил како да се моли на училиште, Сомсак почнал сам да се моли во второ одделение. Но, тој не се молел секој ден. Дури и не се молел ни секој месец. Тој се молел само како последно средство. Обично се сметал за паметен, безбеден. Но понекогаш се грижел дека не е паметен или дека не е безбеден. Потоа би се помолил: „Драги Боже, Те молам, направи ме паметен. Те молам чувај ме. Во името на Исус, Амин“.

AMsda.org/A2527

## Во врска со искуството

- Покажете ги Корат и Тајланд на карта на светот.
- Името Сомсак не е вистинското име на овој човек. Списанието Adventist Mission не го објавува од приватни причини.
- Ве молиме имајте предвид дека фотографијата што ја придружува оваа приказна го прикажува Адвентистичкото меѓународно училиште Корат. Дел од даровите на 13-тата сабота во четвртото тримесечје во 2018 год. му помогнаа на Адвентистичкото меѓународно училиште „Корат“, претходно познато како Адвентистичка меѓународна мисионска школа, да се прошири и да стане училиште К-12 и да се пресели во поголема училишна зграда на новиот кампус.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Тајланд е најголемиот производител и извозник на исечени орхидеи во светот. На тајландските фарми за орхидеи се одгледуваат околу 1.300 видови орхидеи. Годишно се извезуваат повеќе од 50.000 тони.

Сомсак се молел сам како последно средство во трето и четврто одделение. Исто така се молел и во петто, шесто, седмо, осмо и во деветто одделение.

Денес тој е силен 16-годишен тинејџер во десетто одделение. Можеби не се моли секој ден, но се моли многу години station наназад. На колку од неговите молитви Бог одговорил? Што? Педесет? Можеби 10 или 15? Ако го прашате Сомсак, тој нема да ви каже ниту една. Нула. Ништо.

„Не се чувствував како Бог да одговори на моите молитви“, вели тој. „Повеќе верувам во себе.“

Сомсак можеби не се молел секој ден. Тој се моли само како последно средство. Но, размислете, дали е можно Бог да не одговорил ниту на една негова молитва? Што мислите вие? Ако сте рекле дека Бог сигурно одговорил барем на една од неговите молитви, тогаш сте во право. Во Библијата, Бог вели дека им одговара на луѓето дури и пред да се помолат. Тој вели: „И пред тие да повикаат, Јас ќе одговорам; тие уште ќе говорат, а Јас веќе ќе ги чујам“ (Исаија 65,24).

Тогаш зошто Сомсак смета дека Бог не ги услишил неговите молитви? Дали можеби Бог одговорил, а Сомсак едноставно не забележал? Може ли и ние да се молиме и да не забележиме дека Бог одговорил?

Наставниците во училиштето на Сомсак се молат учениците да го запознаат небесниот Бог кој ги слуша и одговара на молитвите. Може да биде тешко за некое момче или девојче да веруваат во небесниот Бог кога никој друг од нивното семејство не верува. Наставниците се молат Сомсак и сите други деца во Адвентистичкото меѓународно училиште Корат да видат дека Бог навистина ги слуша и одговара на молитвите.

Дали би им се придружиле на наставниците во молитвите за Сомсак и за другите деца? Да се помолиме.

Драги Боже, Ти благодарам за Адвентистичкото меѓународно училиште Корат на Тајланд, каде што Сомсак го стекнува своето образование. Ти благодариме за многуте деца ширум светот кои великодушно ги приложија даровите на 13-тата сабота, кои помогнаа да се изгради училиштето. Сега, те молам, помогни му на Сомсак и на другите деца во училиштето кои не Те познаваат, да видат дека ги сакаш и дека навистина ги слушаш и одговараш на молитвите. Помогни им на нив - и на нас - да ги забележиме твоите одговори на молитвата. Те молам, исто така, благослови ги даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје кои ќе им помогнат на другите деца во Азија да Те запознаат и да дознаат за Твојата голема љубов што ја имаш кон нас, твоите деца. Во името на Исус, Амин.

---

Од Ендрју Мекчесни





Џејмс

# ЧУДНИ ЗВУЦИ ВО ТЕКОТ НА НОЌТА



Набргу откако Џејмс се преселил во неговата изнајмена куќа, бил известен од брачен пар од соседите дека куќата е опседната.

„Во вашата куќа живеат духови", рекол соседот. „Сме ги слушале многу пати навечер и не можеме да заспиеме", додала неговата сопруга.

Двојката зборувала за чудни звуци и гласови, мистериозни чекори и чудни предмети кои се фрлаат на подот во текот на ноќта.

На Џејмс му било смешно кога слушнал извештаи за духови. Никој не живеел во куќата некое време, но тој не бил загрижен.

Тој бил студент мисионер и не се плашел од опседната куќа или немирни духови.

Тој прочитал во Библијата дека мртвите спијат во земјата додека Исус не ги разбуди и бил сигурен дека Бог ќе го заштити од каква било необјаснива бука.

Џејмс му се заблагодарил на брачниот пар што дошол. „Никогаш не сум доживеал такво нешто", рекол тој.

Џејмс и неговиот колега студент мисионер се преселиле во малата дрвена куќа за време на нивната едногодишна мисионска служба на оддалечен остров на Филипините. Куќата била обоена во светло сива боја и имала зелен покрив. Џејмс спиел во спалната соба, а другиот мисионер спиел во дневната соба. Кујната и бањата биле надвор. Никој во локалната заедница, вклучувајќи ги Џејмс и неговиот пријател, немал струја или проточна вода. За да ги наполнат своите мобилни телефони, плаќале 10 пезоси (околу 17 американски центи) за да ги приклучат во генератор ноќе. На истата улица живеел и градоначалникот.

Островот бил претежно населен со нехристијани. Но, на островот живееле исто така и христијани, а мисијата на Џејмс била да допре до поранешните адвентисти. Требал да ги запознае и да им помогне да ја обноват својата вера.

Брачната двојка од соседството, која им кажала за духовите, припаѓале на друга христијанска деноминација. Иако тие не биле адвентисти, тие биле дел од нивната мисија. Џејмс и неговиот пријател се обиделе да дојдат до нив нудејќи им да ја проучуваат Библијата. Но, парот одбил. Тие дури не сакале да прифатат ниту каков било верски трактат.

Затоа Џејмс и неговиот пријател решиле да ги споделат своите секојдневни духовни активности

AMsda.org/A2528

## Во врска со искуството

- Покажете ги Филипините на карта на светот.
- Гледајте го краткото видео на YouTube со Џејмс на кампусот на движењето 1000 мисионери во близина на Манила: bit.ly/James-SSD.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Во 1905 година, Г. А. Ирвин, претседател на Австралиската унија, ги посетил Филипините на пат кон Генералната конференција, каде што препорачал Адвентистите од седмиот ден да започнат со работа на островите со испраќање колпортери во Манила.
- РА Колдвел, од Австралија, дошол на Филипините во 1905 година и продавал здравствени и верски книги на шпански јазик.
- Во средината на 1920-тите, имало недостиг од Библии на тагалог јазикот, бидејќи христијанската издавачка куќа во Јапонија, која ги печатела, била уништена во земјотресот во септември 1923 година

со своите соседи. Тие сфатиле дека ако ѕидовите на нивната куќа се толку тенки што соседите слушаат чудни звуци навечер, тогаш сигурно соседите сигурно можат да ги слушнат и нивните утрински и вечерни богослуженија.

И куќата на соседите имала тенки ѕидови, па двајцата мисионери можеле да слушнат кога парот бил буден. Тие соодветно ги темпирале своите богослуженија. Кога пееле, пееле со сето срце. Кога ја читале Библијата, зборувале доволно гласно за да може да ги чуе мноштво луѓе.

Џејмс се молел за спасението на брачната двојка. Како што поминувале месеците, Џејмс не забележал ништо необично во нивната изнајмена куќа. Не чувствувал никакво чудно присуство кога бил сам. Тој не слушал никакви чудни звуци. Единствените звуци ноќе доаѓале од штурците, жабите и другите ноќни Божји созданија.

Џејмс и неговиот пријател поминале една година молејќи се и охрабрувајќи ги поранешните адвентисти. Тие се радуваа што можеа да видат како малата заедница расте во својата вера.

Крштевањата не биле дел од мисионерската задача, но кога Џејмс и неговиот пријател го завршиле престојот на островот, двајца млади побарале да се крстат. Џејмс бил

восхитен. И двајцата млади потекнувале од неадвентистички домови. Мисионерите му биле благодарни на Бога што ги допрел нивните срца.

Што се однесува до брачната двојка од соседството, Џејмс не можел да каже дали гласното пеење и читањето од Библијата имало некаков ефект. Но, додека се подготвувал да си замине, брачната двојка го молела да остане.

„Можевме мирно да спиеме ноќе откако вие се вселивте", рекол сопругот. „Ве молам, останете", додала сопругата. Во тој момент, Џејмс сфатил дека Бог навистина работел на нивните срца.

Молете се за драгоцените луѓе на Филипините, а особено за недосегнатите луѓе во оддалечените области. Молете се и за мисионерите кои се обидуваат да дојдат до нив со спасоносната вистина.

Џејмс и неговиот колега мисионер биле на овој остров како дел од движењето 1000 мисионери, организација која е дел од Јужната азископацифичка дивизија, примател на даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје. Движењето 1000 мисионери се труди да обучи и испраќа 1000 мисионери насекаде низ дивизијата секоја година. Мисионскиот центар, каде што Џејмс бил обучуван за работа на терен, бил изграден во близина на главниот град на Филипините, Манила, со даровите на 13-тата сабота во 1996 година.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 13-тата сабота за Јужната азископацифичка дивизија на 28 јуни.

Од Ендрју Мекчесни





ИНДОНЕЗИЈА | 31 мај

Фебиола

## ТОЛКУ МНОГУ ПРАВИЛА

Уште пред да се роди во Индонезија, животот на Фебиола бил погоден од трагедија. Нејзината мајка била во третиот месец од бременоста со неа кога починал нејзиниот татко.

Потоа, кога имала 18 години, починала мајка ѝ.

Две години подоцна, починала и баба ѝ. Најмногу ја погодила смртта на нејзината баба. Фебиола живеела со својата баба поголемиот дел од својот живот и не можела да замисли да живее без неа.

Фебиола учела за медицинска сестра кога починала баба ѝ. Живеела во студентскиот дом на универзитетот Клабат. Нејзината постара сестра ѝ го препорачала адвентистичкиот универзитет.

„Можеш да останеш во студентскиот дом", ѝ рекла сестра ѝ. „Постојат правила во домот и правилата се добри".

Фебиола не била толку сигурна дека постојат добри правила. Се чинело дека универзитетот има толку многу правила. Тоа било речиси неодржливо во споредба со стариот живот со баба ѝ. Фебиола се чувствувала угнетено!

Едно од правилата било студентите во студентскиот дом да присуствуваат на црковните богослуженија во студентскиот дом секое утро и секоја вечер. Второто правило било студентите да присуствуваат на црковните богослуженија секоја сабота во универзитетската црква.

Фебиола не се интересирала ниту за Бога, ниту за Библијата и ѝ се пожалила на својата сестра поради правилата.

„Само продолжи", одговорила сестра ѝ. „Нема да зажалиш. Правилата се добри".

Фебиола сè уште не беше толку сигурна дека правилата се добри. Но, таа решила да му даде шанса на универзитетот.

Фебиола ја делела собата со три цимерки адвентистки и тие ја поканиле да им се придружи во молитва и на заедничкото богослужение во нивната соба. Тие ја повикале да ја започнат саботата заедно во петок навечер.

Фебиола не била одушевена од задолжителното присуство на вечерните и утринските богослуженија во домот и на саботните богослуженија во црква. Таа не можела да разбере зошто нејзините цимери не се задоволуваат само со собирањата и богослуженијата во студентскиот дом, туку сакале да ги прошират и во нивната соба.

Љубопитноста почнала да расте во нејзиното срце. „Зошто треба да ја празнуваме саботата?" ги прашала цимерките.

„Ако сакаш да дознаеш повеќе за богослужението во сабота, би можеле да го замолиме пасторот да те научи повеќе", одговорила една од цимерките.

Фебиола рекла дека не се чувствува подготвена да разговара за Библијата со пасторот.

„Во ред е ако не се чувствуваш пријатно", рекла цимерката. „Имаш шест часови по веронаука на универзитетот во текот на седмицата. Таму можеш да дознаеш повеќе за саботата".

Сите студенти на универзитетот Клабат се обврзани да посетуваат шест часа по веронаука седмично, а Фебиола ги нашла одговорите на своето прашање за саботата за време на тие часови. Кога завршил последниот час, кој бил за книгата Откровение, таа му рекла на професорот дека сака да ги проучува библиските теми.

Следниот семестар започнале сериозни библиски проучувања. Прецепторката на женскиот студентски дом, Дели, и нејзиниот сопруг ја проучувале Библијата со неа.

Со текот на времето, Фебиола решила да го прифати Исуса како

свој личен Спасител. Таа Му го предала своето срце и се крстила.

Во месеците околу своето крштевање, нова радост ѝ го исполнила срцето. И покрај тоа што ги изгубила татко ѝ, мајка ѝ и баба ѝ, таа добила ново семејство на универзитетот. Прецепторката и нејзиниот сопруг ѝ се како родители, а нејзините цимери како сестри. Освен тоа, таа веќе не се чувствува угнетена од правилата на универзитетот.

„Сега сметам дека правилата се добри за мене“, вели таа со насмевка. Женскиот студентски дом „Еделвајс“, каде што живее Фебиола на универзитетот Клабат, се наоѓа во близина на Манадо, Индонезија. Изграден е со помош на даровите на 13-тата сабота во 1981 година. Фебиола е меѓу бројните млади девојки кои прецепторката на домот и нејзиниот сопруг ги довеле до крштевање.

Со Божји благослов, вашиот дар на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе имаат долготрајно влијание, исто како и даровите кои се употребени за изградба на женскиот дом на Универзитетот Клабат пред 44 години.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови на 13-тата сабота на 28 јуни.

Од Ендрју Мекчесни

AMsda.org/A2529

## Во врска со искуството

- Покажете ја Индонезија на картата на светот. Најдете го градот Манадо, на север од островот Сулавеси. Универзитетот Клабат се наоѓа во близина на градот Манадо.
- Гледајте го краткиот видео-клип со Фебиола на YouTube: bit.ly/Febiola-SS
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.

- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Првиот адвентист што ја посетил Индонезија бил Абрахам Ла Ру, кој бил на островот Јава некаде меѓу 1888 и 1903 година.
- Адвентистичкото дело во Индонезија започнало во 1900 година, кога Р.В. Мунсон отворил мисија во Паданг на западниот брег на Суматра.
- Првата адвентистичка школа за обука на работници во Индонезија, т.н. (Opleidings-school der Advent-Zending), била отворена во 1929 година на Јава. Сега тоа е индонезиски адвентистички универзитет.
- Втората светска војна го принудила училиштето да се затвори во 1942 година. Неколку наставници биле сместени во концентрациони логори, а двајца загинале.





Џон

# ЛИГЊИ ИЛИ МЕСО ОД КУЧЕ?

Џон имал претрпан распоред на проповедање во Индонезија. Како пастор на црква која ја празнува неделата, тој завршувал со серијата состаноци на еден остров и морал да се врати дома на уште една серија состаноци. Тој требало да се врати со авион, но авионот бил целосно полн. Така купил билет за тридневно патување со брод.

Тоа била одлука која ќе му го промени животот.

Џон го купил најевтиниот билет во економската класа, голема сала во која многу патници спиеле еден до друг на подот. Додека биле будни, патниците времето го поминувале разговарајќи.

Џон разговарал со една жена која седела во близина. Учтиво ѝ понуди дел од својот оброк.

Таа одмавнала со главата додека тој држел пластичен сад со варени лигњи зачинети со масло.

„Жал ми е“, рекла таа. „Јас не јадам таква храна.“

Џон помислил дека таа не јаде лигњи, па извадил уште еден сад. Овој содржел кучешко месо што го купил од уличен продавач пред да се качи на бродот.

Но, жената го одбила и тоа.

„Јас не јадам таква храна.“

Џон бил изненаден.

„Зошто не јадете ваква храна?“ прашал тој.

„Затоа што јас сум адвентист“, рекла таа.

Единственото нешто што тој го знаел за адвентистите на седмиот ден било дека подучувал еден студент адвентист во мисионската школа, каде што работел пред да стане пастор. Но, тој ја почитувал желбата на оваа жена да остане доследна на нејзините верувања.

Така ја оставила храната, и двајцата разговарале за други работи. Тој дознал дека нејзиното име е Ингрид.

Кога се качил на бродот, Џон никому не му кажал дека е пастор. Но, Папуа е претежно христијански остров, а за Индонезијците кои живеат таму, пловењето е традиција. Во одреден момент за време на патувањето, капетанот на бродот секогаш прашува: „Дали има пастор на бродот?“ „Сакавме да ве замолиме да се молите за нас и да одржите богослужение.“

На последниот ден од патувањето на Џон, капетанот повторно прашал. Џон им кажал на луѓето со што се занимава, и ги водел патниците во молитвите и богослужение.

Ингрид се изненадила кога дознала дека тој е пастор и веќе не била сигурна дека сака да го продолжи разговорот со него.

Но, кога бродот пристигнал, Џон инсистирал да ги разменат телефонските броеви. Кога ја замолил повторно да се сретнат, таа го поканила во Адвентистичката црква.

Следниот месец, секоја сабота, Џон одел во црква со неа.

И тогаш се случило нешто чудно. Почнал да се чувствува непријатно за време на богослуженијата во недела во неговата црква. Тој се чувствувал толку непријатно што, кога го замолиле да одржи проповед во црквата, тој се оправдувал велејќи дека мора да оди на друго место.

Кога ѝ рекол на својата црква дека има намера да стане адвентист, му била понудена повисока позиција и повисока плата.

Меѓутоа, тој не бил во искушение. Но, Преку лично проучување на Библијата, тој се уверил дека седмиот ден е сабота – единствениот вистински Божји ден за богослужение. Тој, исто така, ја прифатил библиската забрана за нечисто месо како што се лигњите и кучешкото месо.

Три години по патувањето на бродот, Џон и Ингрид се венчале.

Денес, Џон ги завршува своите студии по теологија на универзитетот Клабат на островот Сулавеси. Мило му е што Индрид ја одбила неговата храна. Преку нејзиното сведочење, тој дознал дека седми ден е сабота.

AMsda.org/A25210

## Во врска со искуството

- Покажете ги Папуа и Индонезија на карта на светот.
- Гледајте го краткиот видео-клип со Џон: bit.ly/Jhon-SSD.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Индонезија се состои од повеќе од 17.000 острови, вклучувајќи ги Суматра, Јава, Сулавеси и делови од Борнео и Нова Гвинеја, што го прави најголемиот архипелаг во светот.
- Со Индонезија владеела Холандија до 1945 година.
- Индонезија е најголемата муслиманска земја во светот.
- Индонезија е претседателска република со избрано законодавно тело.

Тој едвај чека да се врати дома во Папуа и да ги поучува другите за Господарот на саботата.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне во ширењето на Евангелието на родниот остров на Цон. Средствата ќе бидат употребени за изградба на училници, управна зграда, библиотека и амфитеатар на Адвентистичкиот теолошки колеџ во Набира, Папуа. Поради катастрофата што го погодила островот Сулавеси во тоа време, универзитетот Клабат, каде што студира Џон, морал да се пресели во Набиру, а во 1981 година добил дел од даровите на 13-тата сабота.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар на 13-тата сабота за поддршка на објавувањето на евангелието во Индонезија.

Од Ендрју Мекчесни



ИНДОНЕЗИЈА | 14 јуни

Цери

# МОЛИТВА ЗА ГРАД БЕЗ ЦРКВА

Момче по име Цери патувало со својот татко од град до град за да ги посетуваат членовите на црквата на индонезискиот остров Папуа.

Неговиот татко, пастор на адвентистичката црква на седмиот ден, повремено застанувал надвор од градовите кои немале адвентистичка црква.

„Драги Боже“, се молел таткото. „Те молам, благослови го овој град и дај му адвентистичка црква еден ден.“

Цери видел дека Бог ги услишил тие молитви. Во еден од тие градови била основана црква пет години по молитвата на неговиот татко. Во друг град, 20 години подоцна се отворила адвентистичка црква.

Цери тргнал по стапките на својот татко и станал пастор во Папуа. Кога еднаш ги посетил членовите на црквата околу езерото Сентани, сакал да ги види црквите што никнале во градовите за кои неговиот татко се молел со години претходно.

Но тогаш видел град на брегот на езерото Сентани без ниту една адвентистичка црква и без верници. Со своето мало бродче поминал во близина на градот Јаобои, на пат кон друг град каде што имало верници на црквата.

Цери се сетил на навиката на неговиот татко да се моли за гра-

довите во кои нема цркви, па затоа го замолил капетанот да забави. Сакал да се помоли за Јобои.

Наведнувајќи ја главата, тој рекол: „Драги Боже, Те молам благослови го овој град и дај му еден ден адвентистичка црква“.

Подоцна дознал што се случило.

Се случило еден од видните мештани на тој град, два месеци по молитвата на Цери, да отпатува во Израел, Светата земја, на аџилак. Некој човек, по име Тонси, гледал низ прозорецот од својата соба во хотел во Ерусалим во самракот и забележал необично однесување на улицата.

Се огласила сирена, а автобусите побрзале кон постојките. Потоа сѐ стивнало.

Тонси погледнал во часовникот и видел дека е петок навечер. Тој сфатил дека Евреите ја прекинале својата работа за почетокот на саботата.

Потоа се сетил дека во Папуа работел и со неколку адвентисти кои престанувале да работат од зајдисонце во петок до зајдисонце во сабота, за да ја празнуваат саботата. Тој се запрашал: „Дали адвентистичката црква го слави истиот ден како и израелскиот народ? Зошто и мојата

AMsda.org/A25211

## Во врска со искуството

- Покажете ги Папуа и Индонезија на карта на светот.
- Гледајте го краткиот видео-клип со Цери на YouTube: bit.ly/Jerry-SSD.
- Ве молиме имајте предвид дека таткото на Цери, Џими Џејкобс, починал во 2020 година, на 74-годишна возраст.
- Знајте дека Цери ја приспособил практиката на неговиот татко да се моли за градовите без цркви, на згради без адвентисти. Додека живеел во Сингапур пет години, тој се молел за многу затворени згради со заклучени влезови, за нивните станари да го најдат Бога. Во неколку наврати, Бог му овозможил да им сведочи на тамошните станари. Неколку луѓе го прифатиле Исуса како свој Спасител.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo 2020.org.

## Мисионски факти

- Национален цвет на Индонезија е Јасминум самбак, додека национално животно е змејот Комодо.
- Змејот Комодо е најголемиот жив гуштер во светот. Најголемиот досега виден бил долг 3,13 метри и тежок 166 килограми.
- Комодо змејовите се ограничени на неколку индонезиски острови, вклучувајќи го, се разбира, и островот Комодо.
- Загрозениот суматрански тигар потекнува од индонезискиот остров Суматра. Бали и јаванските тигри сега се исчезнати.

црква не го прави тоа? Мојата црква тврди дека го слави израелскиот Бог." Така, решил да најде одговори кога ќе се врати дома.

Кога се вратил во Папуа, отишол во адвентистичката црква во соседниот град и дознал дека се одржува сераија евангелски состаноци.

На состаноците, Тонси ги нашол сите одговори во врска со саботата во Библијата. Решил да ја празнува саботата. Наскоро, неговата сопруга и тој станале адвентисти на седмиот ден.

Набргу по нивното крштевање, Џери ги посетил во нивниот дом во Јобоа и помогнал да се воспостави куќна црква. Тоа бил одговор на неговите молитви и продолжение на наследството на неговиот татко.

„Многу сум благодарен за наследството што ми го остави татко ми", вели Џери Џејкобс, кој сега е пастор на Адвентистичката црква на Универзитетот Клермонт.

„Ајде да продолжиме да се молиме еден ден да се отвори црква во овој град."

Молете се за градот Јобои во Папуа, Индонезија. Молете се Евангелието да стигне до многу места на островот и таму да се изградат повеќе цркви. Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне во ширењето на Евангелието во Папуа со изградба на училници, управна зграда, библиотека и амфитеатар на Адвентистичкиот теолошки колеџ во Папуа. Колеџот бил преместен во Набире откако неговиот претходен кампус бил уништен во поплавите во 2019 година во друг дел на Папуа. Во моментов, студентите се состануваат во изнајмени училници на Адвентистичката академија. Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни средства преку даровите на 13-тата сабота, со кои ја поддржувате обуката на пастирите и библиските работници.



ИНДОНЕЗИЈА | 21 јуни

Арми

# ЧУДО ВО ЏУНГЛАТА, ПРВ ДЕЛ

Мало девојче кое посетувало мисионско училиште во џунглата, му раскажало на својот учител Арми за својата неподвижна мајка.

Арми не дошол во планините на Папуа, Индонезија, да лекува. Тој не бил лекар и не знаел многу за медицината. Тој бил мисионер кој дошол во една мисионска школа во џунглата за да ги научи децата за Исус, Големиот Лекар. Но, неговото срце го трогнала приказната за неподвиж-

ната мајка. Тој и неговиот колега, кој исто така бил мисионер, решиле да се искачат на планината одејќи осум часа пеш за да посетат една жена во зафрленото село каде што живеела.

Арми и неговиот пријател ја нашле жената во мала колиба од слама. Плачела од болки додека лежела на креветот. Нејзиното десно колено имало отворена рана и било отечено.

Арми и неговиот пријател не разбирале многу од она што таа го кажувала, ниту, пак, таа разбирала многу што тие зборуваат. Тие зборувале на различни дијалекти. Но, мајката со гестикулации со раката објаснила дека паднала од дрво пред седум години и оттогаш не можела да оди. Селото било толку изолирано што лекарите и болницата не доаѓале во предвид. По падот, сопругот ја оставил, оставајќи ја сама да одгледува четири деца.

Мајката се радувала за посетата. Таа изгубила секаква надеж. Јасно им ставила до знаење дека својата нова надеж ја полага во Арми и неговиот пријател.

„Помогнете ми повторно да проодам“, им рекла таа.

Арми и неговиот пријател излегле од колибата. Сакале да се помолат на Големиот Лекар. „Господе, дај ни мудрост“, рекол Арми. „Покажи ни како да ѝ помогнеме на оваа жена, иако не се разбираме во медицината.“

AMsda.org/A25212

## Во врска со искуството

- Покажете ја Папуа на мапата на светот.
- Имајте предвид дека осумчасовното пешачење до селото на мајката само делумно го покажува растојанието што Арми го патува како мисионер во Папуа. За да стигнете до селото со школата во џунглата каде што живеел, тој морал да лета со авион на мисијата до писта во џунглата, а потоа да пешачи 12-14 часа, во зависност од временските услови и други фактори.
- Гледајте го кратиот видео-клип со Арми на YouTube: bit.ly/Armi-SSD.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр.1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Некои од најчестите јадења во Индонезија вклучуваат, наси горенг (јадење од пржен ориз), каредок (суров зеленчук во сос од кикирики) и гадо-гадо (салата направена од варени јајца, компири, пржено тофу и прелив од кикирики).

Кога се вратиле во колибата, Арми и неговиот пријател внимателно ја исчистиле раната. Пот се слевала од нивните лица. Внимавале да не ја влошат раната дополнително. Соседите се собрале во колибата да гледаат, па Арми и неговиот пријател уште повеќе почнале да се потат. Додека соседите го следеле секое нивно движење, тие се прашувале дали нивните животи се во опасност.

Тогаш Арми почнал да ѝ кажува на жената за Исус.

„Само една личност може да те излечи", ѝ рекол тој, користејќи гестови со рацете за да ѝ помогне да разбере.

„Таа личност е Исус."

Мајката никогаш не слушнала за Исуса, ниту некој од соседите слушнал за Исуса. Тие практикувале некој облик на мистицизам.

„Не знам ништо за твојот Исус", рекла мајката. „Но, ќе прифатам секој кој ќе може да ми го врати здравјето."

Откако ја исчистил раната, Арми ги понудил единствените природни лекови што ги имал во ранецот: јаглен и таблети со витамин Ц. Потоа ги замолил мајката и соседите да се молат. Кога ги отворил очите видел дека мајката и соседите плачат. Го фатило паника, прашувајќи се што не е во ред. Соседите, кои исто така не го зборувале неговиот дијалект, објасниле како молитвата ги допрела нивните срца.

„Како некој да ни ја преведуваше твојата молитва во нашите уши", рекол еден од нив.

„Можевме да почувствуваме присуство околу нас додека се молеше", додал друг.

Тогаш Арми се свртел и го видел лицето на мајката. Тоа било целосно променето. Претходно во болка и страдање, сега блескало од радост и мир.

Арми ветил дека ќе се врати следната седмица за да провери како закрепнува.

Мисионерите пешачеле осум километри назад кон својот дом. Додека оделе, тие се молеле. Како можат да се јават на телефон за да добијат медицински информации за да ѝ помогнат на мајката? Каде можат да најдат сигнал за мобилен телефон? Живееле во планина, а со месеци немале сигнал за мобилниот телефон.

Молете се за жителите на Папуа во Индонезија, до кои е тешко да се допре. Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне во изградбата на училници, управна зграда, библиотека и аудиториум за Адвентистичкиот теолошки факултет во Папуа. Откако претходниот кампус бил уништен во друг дел на Папуа во поплавите во 2019 година, колеџот бил преместен во Набире. Во моментов, студентите се состануваат во изнајмени училници на Адвентистичката академија.

Ви благодариме што планирате великодушна поддршка следната сабота со тоа што ќе го приложите вашиот дар на 13-тата сабота. Следната сабота дознајте го остатокот од искуството на Арми.

Од Ендрју Мекчесни





Арми

# ЧУДО ВО ЏУНГЛАТА, ВТОР ДЕЛ

Програма на 13-тата сабота

**Минатата сабота:** Арми, детски учител мисионер во мисионската школа во џунгла, препешачил осум километри по планинска патека за да ја посети самохраната мајка која паднала од дрво пред седум години и оттогаш не можела да оди. Тој и неговиот пријател мисионер ѝ кажале на мајката дека нејзината единствена надеж е во Исуса, Вистинскиот Лекар. Тогаш Арми и неговиот пријател се моделе за сигнал за мобилниот телефон. Ним очајно им требал лекарски совет како да ја излечат ногата на мајката. Но, тие беа среде планинска џунгла и со месеци немале сигнал за мобилен телефон.

Тогаш се случило чудо. Само неколку дена откако ја посетиле мајката, телефонот на Арми заѕвонил додека биле на пат да посетат друго зафрлено место во Папуа, Индонезија. Отпрвин Арми мислел дека е аларм од неговиот телефон и го игнорирал. Но, телефонот постојано ѕвонел, па го извадил од џебот и видел дека добил електронска пошта. Тоа значело дека мобилниот телефон имал врска.

Арми веднаш ја наведнал главата и се помолил: „Господе, Ти благодарам, Ти благодарам! Те молам помогни ми да ја повикам вистинската личност која ќе ми даде совет како да ја излечам мајката“.

Арми брзо го пребарал својот телефонски именик, плашејќи се дека сигналот на мобилниот телефон може да исчезне. Потоа нашол пријателка која била медицинска сестра и ѝ се јавил.

Врската била воспоставена.

Арми ја опишал ситуацијата, а медицинската сестра му дала совет како да ја исчисти раната на десното колено на мајката. Таа го советувала Арми да понесе и антибиотици против инфекцијата што ги имал во неговата куќа во планината и лековите да ѝ ги даде на мајката.

Телефонскиот разговор траел само две минути. И тогаш сигналот исчезнал. Но, имало доволно време за да се добие драгоцениот совет.

Следните два месеци, Арми и неговиот пријател ја посетувале мајката во нејзината сламена колиба. Секојпат ѝ ја чистеле раната и ѝ давале антибиотици за леку-

вање на инфекцијата поради која ѝ отекло коленото.

Ја замолиле редовно да се моли.

„Кому треба да се молам?“ прашала таа за прв пат.

„Молете се на Оној чие име е Исус“, одговорил Арми.

Таа не знаела за Исуса, а Арми ја запознал со Него преку библиските стории.

Додека ја чистел нејзината рана, ѝ кажал како Исус ги лекувал болните и им го враќал видот на слепите. Соседите доаѓале за да гледаат и да ги слушаат сториите.

Како што поминувале седмиците, отокот полека се смирувал, а раната зараснувала. Арми и неговиот пријател му се заблагодариле на Бога. Сè што се случувало било надвор од нивната медицинска вештина.

Потоа, двајцата мисионери имале обврски во другите делови на Папуа и не можеле да ја посетат мајката еден месец. Но, тие ѝ праќале здрава храна и природни лекови преку децата кои учеле во мисионската школа во џунглата.

Кога мисионерите конечно успеале повторно да пешачат осум километри назад до нејзиното село, ја нашле како стои пред нејзината сламена колиба. Арми почнал да плаче. Не можел да им верува на очите. Жената која седум години не можела да оди, сега стоела пред својата колиба. Кога тој и неговиот пријател се приближиле, таа со помош на бастун направила неколку чекори кон нив.

Тогаш пријателот на Арми заплакал. „Како е ова можно?“ прашал тој.

Тројцата влегле во колибата и седнале. Додека зборувала, лицето на мајката блескало од радост и здравје.

„Продолжив да се молам и болката исчезна“, им рекла таа, користејќи ги рацете за да им помогне да го разберат нејзиниот дијалект. „Верувам дека тоа се случи поради Исус. Иако не разбирам кој е Тој, благодарна сум ви што го внесовте во мојот живот.“

„Ова не е крајот“, рекол Арми. „Ако верувате дека Исус ве излечил, мора да продолжите да му верувате и да го слушате“.

Поминал уште еден месец, а мајката можела да оди без бастун. Не била целосно излекувана, но можела да продолжи со вообичаените активности низ домот и на нивата каде што одгледувала земјоделски култури.

Соседите останале запрепастени. Тие почнале да му се молат на Исуса со неа.

Кратко пред Арми да ја заврши својата мисија како мисионер во Папуа, тој последен пат се сретнал со мајката. Таа се доверила дека повеќе не чувствувала мир во нејзиниот традиционален начин на обожавање на боговите.

„Може ли да се придружам на вашето богослужение?“ прашала таа.

„Добре дојдовте, мајко“, одговорил Арми. Но нашата црква е многу далеку. Како ќе можете да пеша-

чите осум часа?

„Исус е тој што ме исцели“, изјавила. „Треба да му служам. Тој ми помогна повторно да одам, а јас ќе одам во црква за да Го славам“.

Од тој ден, мајката пешачела секоја сабота за да присуствува на богослуженијата. Таа, исто така, ги испратила сите нејзини четири деца во мисионерската школа во џунглата.

Арми се изненадил што во школата не доаѓале само нејзините деца, туку и други деца од селото. Соседите сведочеле за Исусовата сила, а исто така сакале и нивните деца да Го запознаат. „Невозможните работи за мене не се невозможни за Бога“, кажува Арми. „Се молам мајката да му остане верна на Бога.“

Дел од денешните дарови на 13-тата сабота ќе се употреби во Папуа за да помогне околу изградбата на училници, управна зграда, библиотека и амфитеатар за Адвентистичкиот теолошки колеџ во Папуа. Колеџот бил преместен во Набире откако не-

AMsda.org/A25213

## Во врска со искуството

- Покажете ги Папуа и Индонезија на карта на светот.
- Имајте предвид дека осумчасовното пешачење до селото на мајката само делумно го покажува растојанието што Арми го патува како мисионер во Папуа. За да стигнете до селото со школата во џунглата каде што живеел, тој морал да лета со авион на мисијата до писта во џунглата, а потоа да пешачи 12-14 часа, во зависност од временските услови и други фактори.
- Гледајте краток видео клип со Арми на YouTube: bit.ly/Armi-SSD.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Јужната азископацифичка дивизија: bit.ly/ssd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр.1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Пред 13-тата сабота

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски прилози се дарови за ширење на Божјата реч низ целиот свет и дека 1/4 од даровите на 13-тата сабота ќе се употреби за проекти во Јужната азископацифичката дивизија.
- Пред или по искуството, користете мапа за да ги прикажете земјите од Јужната азископацифичка дивизија кои ќе примат дел од даровите на 13-тата сабота. Мапата на мисијата со проекти можете да ја преземете на Facebook на: bit.li/fb-mk .
- Нараторот не мора да го знае текстот напамет, но би требало да биде доволно запознаен со материјалот, за да не мора да чита сè од списанието.

говиот првичен кампус бил уништен во поплавите во 2019 година. Во моментов, учениците се среќаваат во изнајмени училници во Адвентистичкото средно училиште.

Денешниот дар на 13-тата сабота ќе поддржи и два проекти во Мјанмар - предучилишна установа и центар за влијание - и здравствена клиника во Брунеи.

Ви благодариме за великодушните дарови.

*(Приложување на дарот придружено со инструментална музика)*

### Брзи факти

- Во Индонезија има околу 400 вулкани, од кои околу 130 се активни. Од 1972 до 1991 година имало 29 ерупции, главно на Јава.
- Најголемата ерупција во историјата била на планината Тамбора на островот Сумбава во 1815 година. Ерупцијата била толку гласна што можела да се слушне на повеќе од 1.200 милји.
- Пун Чак Јаја („Славниот врв“) на островот Нова Гвинеја. Со 4.884 метри, тој е највисокиот планински врв на остров во светот.
- Најголемиот цвет во светот, цветот на труп (Rafflesia arnoldii), се наоѓа во дождовните шуми на Суматра и Борнео. Може да порасне до 1 метар во дијаметар и тежина од 11 кг. Има силен мирис на гнило месо.

## Идни проекти на 13-тата сабота

Следното тримесечје ќа имаме 2 проекта на 13-тата сабота во Јужноафриканската индискоокеанска дивизија.

- Изградба на средно училиште во северна Замбија.
- Изградба на сместување за персоналот на болницата Јука Калабо во Замбија.
- Мисионски брод за работа на езерото Бангвеулу во Замбија.
- Изградба на кујна и перална во адвентистичката болница Читанда Лумамба Чибомбо во Замбија
- Изградба на здравствен и здравствен центар на влијание во Умланга, Јужна Африка.

# Извори за водачите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео *Mission Spotlight,* кое содржи извештаи од Јужната азископацифичка дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

## Веб-страници

| | |
|---|---|
| **Индонезија:** владина веб-страница | indonesia.go.id |
| Wonderful Indonesia | bit.ly/IndoTrav |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Indo |
| Филипини: владина веб-страница | gov.ph |
| Tourismo Filipino | tourismo-filipino.com |
| Trip Advisor | bit.ly/TripAdvPhil |
| Тајланд: владина веб-страница | bit.ly/Thai_Govt |
| Amazing Thailand | bit.ly/AmazeThai |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Thailand |

## Адвентисти на седмиот ден

| | |
|---|---|
| Јужна азископацифичка деивизија | bit.ly/SDA_SSD |
| Источна индонезиска унија | sdaeiuc.org |
| Севернофилипинска унија | npuc.adventist.ph |
| Југозападна филипинска унија | bit.ly/SDA_SPUC |
| Западна индонезиска унија на мисии | bit.ly/SDA_WIUM |
| Југозападна азиска унија на мисии | seumsda.org |
| Тајландска мисија | adventist.or.th |

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Исто така, потсетете ги верниците дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.


АДВЕНТИСТИЧКА **МИСИЈА**

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**2/2025**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**Адреса:**
ул. „Влае“ бр. 42

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА




## ПРОЕКТИ

1. Изградба на детска градинка на кампусот на адвентистичкиот универзитет во Мјаунгмјав, Мјанмар.
2. Изградба на центар на влијание „Надеж во животот“ во Јангон, Мјанмар.
3. Изградба на здравствена клиника, Брунеи.
4. Изградба на адвентистичко теолошко средно училиште „Набире“ во Индонезија.

## ЈУЖНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Централни Филипини | 1,404 | 576 | 219,955 | 30,039,305 |
| Источна Индонезија | 1,033 | 137 | 130,441 | 15,946,559 |
| Малезија | 303 | 157 | 60,801 | 33,849,000 |
| Мјанмар | 246 | 95 | 37,741 | 55,425,000 |
| Северни Филипини | 1,631 | 459 | 404,500 | 49,834,717 |
| Југоисточна Азија | 93 | 305 | 39,512 | 189,398,000 |
| Југоисточни Филипини | 1,294 | 759 | 406,549 | 18,753,908 |
| Југозападни Филипини | 1,128 | 568 | 281,877 | 18,709,070 |
| Западна Индонезија | 917 | 323 | 100,326 | 262,749,441 |
| Споени полиња | | | | |
| Сингапурска област | 7 | 0 | 3,437 | 5,826,000 |
| Мисија Источен Тимор | 2 | 2 | 812 | 1,361,000 |
| **ВКУПНО** | **8,058** | **3,381** | **1,685,951** | **681,892,000** |